Лидија Георгиева

Авторот е дизајнер,
редовен професор



# МОЌНО Е ЧУВСТВОТО КОГА ЌЕ ПРОГРАМИРАТЕ СИСТЕМ ДА ГО ПРАВИ ТОА ШТО ГО САКАТЕ

## Моден перформанс по иницијатива на Амбасадата на Кралството на Холандија во Скопје

Речиси секоја деценија од минатиот век во модата се памети по некоја модна револуција. Почнувајќи од Пату, преку Скјапарели, Шанел, Диор, Карден и Куреж инспирирани од вселенските освојувања, Мери Квант, Жан Пол Готје (енфант терибл на француската мода), па сè до свитата независни дизајнери кои се појавија низ модните центри, во текот на последната декада од минатиот век, како фактор за преродба и експериментирање со новите форми и начини на изразување. Сите овие стилски промени беа директна последица на генерациските ставови и на социоекономските состојби во светот. Изразувани генерално преку игра со волумен на ткаенина или плетенина – њу лук, рокабили, хипи, диско глам, панк, нов бран, бизнис шик, техно – стиловите прикажуваа некој вид акција/реакција или бунт, револуција.

**Денес модата е еклектична, речиси и да нема старомодна форма, боја, израз или доминантен став, но револуцијата не е иделолошка, естетска или стилска – таа е технолошка.**

Годинава работев на проект поддржан од Амбасадата на Кралството на Холандија во Скопје, со идеја да се прикажат најновите технологии во модата и да се приближи кон студентите, идни дизајнери, најдоброто од холандскиот дизајн. За таа цел, ја донесовме во Скопје реномираната иновативна дизајнерка, приврзаник на модната технологија (FashionTech), Анук Випрехт. Нејзините креации се комбинација на инженерство, наука и дизајн. Со помош на вештачката интелигенција, таа на автентичен начин ги спојува модата и технологијата создавајќи своевидни системи „домаќини“ кои дишат заедно со човечкото тело и реагираат на непосредната околина. Сензорите вградени во дизајнот го следат просторот на носителот, а сензорите на телото го детектираат нивото на стрес како удобност или вознемиреност. Нејзиниот најпознат пајак фустан ( „Spider Dress“) базиран на модулот Intel-Edison е совршен пример за оваа естетика, каде што сензорите и подвижните раце/пипци на фустанот создаваат граница на личниот простор.

**„Овој роботски фустан напаѓа доколку некој премногу ви се приближи“,** вели Випрехт.

Барајќи нови начини преку нашата облека да комуницираме со светот околу нас, таа активно соработува со Интел, АутоДеск, Гугл, Мајкрософт, Самсунг, Адидас, Дизни, Сваровски, Ауди...

Додека истражува како би изгледала нашата иднина доколку продолжиме да ја вградуваме технологијата во она што го носиме, таа работи и живее на релација меѓу Сан Франциско, Лос Анџелес, Мајами и Амстердам.

Моите студенти имаа ретка привилегија да слушаат еден месец онлајн мастеркласови, а потоа да работат на една недела работилница под заедничко нејзино и мое менторство.

Ни беше чест и задоволство да го прикажеме сето ова во почетокот на овој месец на гала моден настан насловен „Осветлено“ (Into the light), кој се случи во фоајето на Националната опера и балет.

Во првиот дел се презентираше Анук со неколку дизајни, јас презентирав два дизајни изработени во соработка со Марта Наумовска Грнарова – „Завар дизајн“, а финалето беше реално гордост за мене кога презентираа и моите студенти во рамките на Институтот за дизајн и инженеринг на облека, од ТМФ/УКИМ – Скопје.

Фото: Томислав Георгиев и Горан Бошковски


NL Kingdom of the Netherlands
NL Kingdom of the Netherlands





















